АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 08-575/1
14.08 2015 год.
СКОПЈЕ

**До:** **Друштвата за осигурување во Република Македонија**

**Циркуларен допис бр.СС-1/2015**

**Предмет:** Барање за доставување на Заклучен лист (Бруто биланс)

Скопје 10.8.2015г.

Почитувани,

Согласно одредбите од членот 159 став (1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014 и 112/2014), Агенцијата за супервизија на осигурување спроведува супервизија (вонтеренска и теренска) на друштвата за осигурување со цел да утврди дали вршењето на работи на осигурување е согласно правилата за управување со ризик, другите одредби од овој закон, или други закони кои го регулираат работењето на друштвата за осигурување. Според одредбите од членот 160 став (1) точка 1) од Законот за супервизија на осигурување, Агенцијата спроведува перманентна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување преку прибирање, анализирање и верифицирање на извештаите и информациите кои ги доставуваат друштвата за осигурување.

За целите на спроведување на горенаведената надлежност на Агенцијата, а врз основа на членот 163 став (4) од Законот за супервизија на осигурување, Ве молиме да доставите Заклучен лист (Бруто биланс) со состојба на 30.6.2015г. (во pdf. и exel. формат), **најдоцна до 21.8.2015г.,** на следните електронски адреси: mimoza.ugurov@aso.mk и marina.smileska@aso.mk .

Исто така, за потребите на спроведување на перманентна вонтеренска супервизија, Ве молиме Вашето друштво **на редовна квартална основа** да доставува Заклучен лист (Бруто биланс) во pdf. и exel. формат, во роковите пропишани за доставување на редовните квартални извештаи по електронски пат до Агенцијата преку АСО Порталот (со приложување кон финансиските извештаи).

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти**
**д-р Климе Попоски**